Согласно глава 6 од Правилата за котација, известуваме за следната ценовно чувствителна информација:

Известуваме дека ТТК Банка АД Скопје ќе изврши исплата на годишната камата по каматна стапка од 2,7% на годишно ниво на имателите на Корпоративната обврзница – втора емисија на обврзници ИСИН MKTTKS200020 и шифра TTKO2.

Исплатата на камата ќе се изврши на 14.02.2025 година.

Право на исплата на главница и камата имаат лицата кои се регистрирани во книгата на иматели на Корпоративна обврзница - втора емисија на издавачот ТТК Банка АД Скопје во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје заклучно со 13.02.2025 година.

Тргувањето со обврзниците во деновите 12 и 13 февруари 2025 година ќе се реализира со пресметана акумулирана камата за 365 и 366 денови соодветно, при што Купувачот при порамнувањето на 14 и 17 февруари 2025 година ќе треба да го уплати износот на чистата цена (+) акумулираната камата на Продавачот. При ова, Купувачите ќе бидат регистрирани во книгата на иматели на Корпоративната обврзница – втора емисија на обврзници во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 14 и 17 февруари 2025 година, соодветно и нема да остварат право на исплата на годишната камата.